**1300.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 февруари 2014 година.

Бр. 07 – 1311/1
28 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

Член 1

Во Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија" број 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12 и 114/12), во членот 87-а став 3 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор."

Член 2

Во членот 87-б зборовите: „овој закон и Законот за јавните службеници" се заменуваат со зборовите: „Законот за административни службеници и Законот за вработените од јавниот сектор."

Член 3

Членот 87-в се менува и гласи:

„Вработените во Агенцијата кои вршат административни работи имаат статус на административни службеници.

За прашањата кои се однесуваат на работниот однос на вработените од ставот 1 на овој член кои не се уредени со овој закон и со колективен договор, се применуваат одредбите од Законот за административните службеници и општите прописи за работните односи.

Вработените во Агенцијата кои вршат помошни и технички работи имаат статус на помошно-технички персонал.

На помошно-техничкиот персонал во Агенцијата ќе се применува Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи."

Член 4

Членовите 87-г, 87-д, 87-ѓ, 87-е, 87-ж, 87-з, 87-ѕ, 87-и, 87-ј, 87-к, 87-л, 87-љ, 87-м, 87-н, 87-њ, 87-о, 87-п, 87-р и 87-с се бришат.

Член 5

Во членот 91 ставот 4 се менува и гласи:

„За директор на Агенцијата за вработување и за заменик на директорот може да биде именувано лице кое:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

4) има најмалку пет години работно искуство во струката;

5) поседува меѓународно признат доказ (сертификат), не постар од пет години, за положен испит по англиски јазик, и тоа:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
-ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
-ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
-ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
-БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
-АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет."

Член 6

Директорот на Агенцијата и заменикот на директорот именувани до денот на започнувањето на примената на овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кои се именувани.

Член 7

Одредбите од членот 5 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 8

Статутот на Агенцијата за вработување ќе се усогласи со одредбите од овој закон, одредбите на Законот за административните службеници и Законот за вработените во јавниот сектор, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по една година по денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PUNËSIM DHE SIGURIM NË RAST TË PAPUNËSISË

Neni 1

Në Ligjin për punësim dhe sigurim në rast të papunësisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12 dhe 114/12) në nenin 87-a në paragrafin 3 pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët: "dhe dispozitat nga Ligji për të punësuarit në sektorin publik."